Проектот е финансиран од Европската Унија

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ВО СЕНКА ЗА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

## РЕЛЕВАНТНИ СЕКТОРСКИ ПОЛИТКИ



Клучни стратешки документи за работата на секторската работна група се стратегијата за образованието 2018-2025 и ревизијата на програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020-2022. Релевантни документи што беа менувани во оваа секторска работна област вклучуваа измени во законите за основно и средно образование. Овие измени, донесени во септември 2020 година предвидуваат можност Владата на Република Северна Македонија директно да одлучува во вонредни околности за каков вид настава ќе се спроведува во училиштата, како и дополнителни одредби за инклузија на сите деца во основното и средното образование. Ваквата промена е директен резултат на кризата поради ковид-19, која почна во март 2020 година, а која сè уште трае.

Како одговор за подобра координација и можност за влијание од страна на Владата, беа предложени мерки со што се овозможи наставата да се одвива на мешан начин (електронски преку интернет и физички доколку дозволува епидемиолошката ситуација). Дополнително, Министерството за образование и наука и Владата на Република Северна Македонија го усвои „Планот за одржување настава во основните и средните училишта за учебната 2020/2021“. Во текот на март 2021 година, Министерството за образование ги објави промените во Законот за учебници во основното и средното образование[1]. Во секторот вработување и социјална политика нема значителни промени од годишниот извештај за ефектите на секторските работни групи 2019 година. Стратешката рамка на ревизијата на програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020-2022 е дополнета со дополнителни стратешки документи, кои истекуваат во текот на 2020 година. Тие документи се следните:

- Национална стратегија за вработување 2016-2020;
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020;
- Ревидиран акциски план за младинска вработеност 2016-2020;
- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020.

Во текот на март 2021 од страна на Владата на Република Северна Македонија беше донесен „Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година“, што е клучниот документ и политика за сервиси за граѓаните што се невработени. Истиот беше изменет во текот на јули 2021 година, со минорни промени во однос на самата суштина и пристап на самата политика.

## СРГ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

- **Формирана во:** 2017 година
- **Број на членови:** 97 члена, институции x 51, граѓанските организации x 21 и донаторската заедница x 25
- **Број на одржани седници во 2020**: Два состанока, 18.6.2020 и 16.11.2020
- **Претседавач на СРГ:** Министерот за образование и наука и министерот за труд и социјална политика



## ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ

- Членството е дефинирано и именувано на СРГ, но не целосно.
- Деловникот за работа налага одржување седници најмалку еднаш во три месеци на годишно ниво, во текот на 2020 година биле одржани два состанока.
- Членовите на СРГ редовно се поканети за состаноците.
- Поканата со локација, дневен ред, време и придружни материјали се испраќаат по електронски пат до сите членови.
- Членовите на СРГ навремено (најмалку 10 дена пред состанокот) се поканети на состаноците.
- Се водат записници во утврдена форма и содржина и се испраќаат до учесниците и редовно се прикачуваат на страната на Министерството за труд и социјална политика.
- СРГ редовно ја информира јавноста за својата работа.

## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

- Во оваа СРГ **19 граѓански организации** се поканети за учество на состаноците.
- Развиени пракси за учество на граѓанското општество и **обезбедува простор за учеството** на претставниците на ГО.
- **Големиот број членови и учесници** во секторската работна група **значително ја намалува можноста за суштинска дискусија на самите седници.**
- **Практика на електронско доставување забелешки и коментари** од страна на учесниците на секторската работна група.
- **Главни предизвици** за претставниците на ГО: **ненавременото испраќање покани и** (обемни!) **материјали** за состаноците, недоспевањето на поканите до вистинските претставници во организациите и **недоволно време за консултирање за стратешките документи** и темите на агендите.

## КАПАЦИТЕТИ НА ГО

- Улогата на претставниците на ГО во самата СРГ се доживува како повеќе **формална** отколку суштинска. Поставеноста (и големината) на самата СРГ не дозволува доволно и суштинско учество за време на самите состаноци, кои сами по себе не се доволни (два годишно).
- Коментарите и забелешките од страна на ГО се најчесто **добредојдени** и **добиваат внимание** од страна на другите членови на СРГ и од самите министерства.
- Претставниците на ГО **добиваат повратни одговори** дали нивните предлози и коментари се земени предвид.

## ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ

- Одржани **два пленарни состанока на СРГ**, со што бил испочитуван деловничкиот минимум од два состанока годишно.
- На состаноците биле презентирани и дискутирани акциските фишеа и стратешките одговори предвидени во рамките на ИПА 3.
- Не се организирани **оперативни состаноци** на оваа СРГ.

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРОМЕНИ:

- **Измена на Деловникот за работа**, дефинирање на моделот за избор на претставници на граѓанските организации, нивната улога и мандат.
- Целосно да се имплементира Деловникот за работа**,** што подразбира и **навремено информирање и испраќање материјали за работа**, како и **зголемување на динамиката на состаноците**.
- Да се разработат **конкретни механизми за поефикасно и поголемо вклучување на ГО** во СРГ.
- **Да се обноват истечените секторски стратешки документи** и да се постават соодветно.
- **Да се креираат: годишни извештаи за работата на СРГ, годишни планови за работа со прецизни датуми за состаноците во текот на годината.**

Оваа визуелизација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на визуелизацијата е единствена одговорност на Фондацијата Отворено општество - Македонија, Центар за европски стратегии – Евротинк, Реактор - Истражување во акција и Центар за граѓански комуникации и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.